Врз основа на член 22 став (1) точка (7) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 6 став (3), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21, 294/21, 99/22,236/22 и 65/23) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.02.2025 година го донесе:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година.**

Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, Одделението за јавни дејности при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година согласно програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година ги има реализирано следните активности:

**Активностите во програмата се во три области социјална, детска и здраствена заштита.**

1. **Во делот за социјална заштита под точка** 1 Обезбедување на еднократна парична помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни заработа, лица со попречености, стари лица по основ на доставено барање од странката.
   За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка има донесено Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен паричена помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година на Советот на Општина Крива Паланка и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на социјален ризик и увид на лице. Лицата кои ги исполнуваат условите во Архивата на Општина Крива Паланка поднесуваат Барања со целосна документација по Правилникот и Комисијата ги разгледува и одлучува по истите.
   За оваа активност се поднесени 42 барања , 37 барања се одобрени, а 5 барања не с еодобрени бидејќи не се целосни или лицата не ги исполнуваат условите. Во оваа активност се предвидени 400.000, 00 МКД, а се потрошени 55 500,00 МКД, по основ на доставени барања.

2. Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.
   Во оваа активност се реализирани следните активности -Еднодневна екскурзија и ручек за штитениците од Дневниот центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост
   -Подарок согласно нивните потреби во Дневниот центар за лицата со интелектуална и телесна попреченост.

   Во овој дел се предвидени 30 000 ,00 МКД и истите се потрошени.
   А за доделување на 3 000 МКД на лице со попреченост по основ на барање, се предвидени 450 000, 00 МКД, оваа активност не е реализирана.

3. Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица-ОО Црвен Крст Крива Паланка.
   Реализирани основни и инструментални активности според Законот за Социјална заштита од страна на Дavателот на социјални услуги ОО Црвен Крст-Крива Паланка Опфатени се околу 100 корисника, стари и изнемоштени лица во нивните домови, а се вклучени 40 негуватели за стари и изнемоштени лица.
   Финансиски средства од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

4. Аплицирање и импементација на проекти од МТСП, АВРМ, УНСП за Општинско корисна работа 2024/25 .Кофинансирање од страна на општината од 20%.
   Општина Крива Паланка аплицираше на повикот објавен од страна на УНДП 2024, со еден Воспитувач во ОЈУДГ „Детелинка“ и тројца медијатори за стари лица во Центарот за дневен престој со активно стареење. Општина Крива Паланка доби грант од 396 000, 00 МКД, а од Буџетот на Општина Крива Паланка се финансирани 20 % односно 99 000, 00 МКД. Лицата се вклучени во времетраење од 9 месеци од 01.07.2024 година до 31.03.2025 година.

6. Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице). По основ на Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн.

За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка има донесено Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен паричена помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година на Советот на Општина Крива Паланка и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на социјален ризик и увид на лице. Лицата кои ги исполнуваат условите во Архивата на Општина Крива Паланка поднесуваат Барања со целосна документација по Правилникот и Комисијата ги разгледува и одлучува по истите.

За оваа активност се предвидени 300 000, 00 МКД, од страна на 37 лица се поднесени Барања со целосна документација и на истите им е одобрено.

Вкупно потрошени финансиски средства за оваа активност се 202 000, 00 МКД.

7. Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени лица.

   Вклучени се лица за извршување на јавни работи на територија на Општина Крива Паланка. Предвидени се 1 000. 000, 00 МКД, потрошени се 1 212.239 МКД, а во делот вклучување на лица за извршување на јавни работи на територија на Општина Крива Паланка преку мерка на АВРМ, Општина Крива Паланка учествуваше со кофинансирање на 68 320,00 МКД.

8. Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција и негователи за помош и нега на стари лица (Црвен Крст-Крива Паланка).

По основ на активноста која е предвидена во Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година, ОО Црвен Крст Крива Паланка има доставено Барање до Општина Крива Паланка за финансирање на обука за лична/персоналана асистенција, но бидејќи нема доволно заинтересираност од страна на луѓето, а е зголемена потребата за негуватели за стари и изнемоштени лица, средствата се пренаменети за реализација на Обука за негуватели за стари и изнемоштени лица. Предвидени се 200 000, 00 МКД и истите се потрошени.

9. Ваучер за купување гардероба за деца или лица кои се под старателство и деца или лица кои се сместени/згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството.

   Активноста ја спроведе ОО Црвен Крст-Крива Паланка, со тоа што достави понуди до фирми и ја избра најсоодветната. Според евиденцијата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи лицата кои ги исполнуваат условите во предвидената активност на 24 лица, а по поднесено барање за Ваучер за купување гардероба во вредност од предвидената сума 8 000, 00 МКД, а по понудата од фирмата беа доделени ваучери од 7 750, 00 МКД за машки и 7 500, 00 за женски корисници/лица кое ги исполниле условите и е во евиденција во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка. Во оваа активност беа предвидени 300 000, 00 МКД , а се потрошени 182 750, 00 МКД .

10. Дневен Центар за стари лица со активно стареење, во рамки на давателот на социјална услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка. Вклучени 50 корисника во забавни и рекреативни секојдневни активности за активно и здраво стареење од страна на Давателот на социјалната услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка и два координатора за испорака на социјална услуга. Финансиски средства обезбедени од Светска Банка.

**Во делот за детска заштита под точка 2** Инклузија  на деца Роми кои се опфатени во ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација. Од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (5.000 МКД за секое новороденче) по основ на барање од страна на родителот.

Поднесени се 73 Барања и истите се одобрени и исплатени по 5 000, 00 МКД за секое новороденче чии родители се со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка.Предвидени се 600 000, 00 МКД, а потрошени се 365 000, 00 МКД.

5. Финансиска поддршка за летување на деца  од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба.
   За реализиација на оваа активност, Општина Крива Паланка најпрво објави Јавен повик за пробирање на пријави од страна на здруженија за спроведување на летувањето, на повикот  уредно се јави и достави уредна документација  едно здружение„ Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија Скопје“ , Комисија за спроведување на Јавен повик за прибирање на пријави за финансиска поддршка за реализација на мерка-Летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба на одржан состанок и разгледување на пријавата со целосната документација констатираше уредно доставена пријава и ја избра истата за спороведување на активноста.Општина Крива Паланка изготви и Правилник за користење на активноста потоа објави Јавен повик за пријава од страна на деца кои ќе ги исполнат условите и ќе одат на бесплатно летување. Во оваа активност се предвидени 500 000,00 МКД, потрошени се 400 000, 00 МКД за вкупно 40 деца кои ги исполниле условите.

6. Доделување на новогодишни пакетчиња за деца. Доделени новогодишни пакетчиња на децата во предучилишното воспитание во ОЈУДГ „Детелинка“. Преку распишување на Јавна набавка.
   Предвидени 120 000, 00 МКД.Потрошени 120 000, 00 МКД.

**Во делот за здраствена заштита  во точка** 1 Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати,  стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување по основ на доставено барање.
За остварување на оваа активност Советот на Општина Крива Паланка  има донесено Правилник за уредување на начинот и критериумите за доделување на еднократен паричена помош и помош во градежен материјал, потребна документација за остварување на ова право и висината на паричната помош која ја доделува Општина Крива Паланка со бр.09-4665/79 од 07.12.2022 година   на Советот на Општина Крива Паланка  и Општина Крива Паланка има формирано Комисијата за утврдување на постоење на  социјален ризик и увид на лице. Лицата кои ги исполнуваат условите во Архивата на Општина Крива Паланка поднесуваат Барања со целосна документација по Правилникот и Комисијата ги разгледува и одлучува по истите.
За оваа активност имаа поднесено 11  лица, 10 лица го имаат остварено правото, а 1 лице нема остварено право бидејќи нема целосна документација или не ги исполнуваат условите. Во оваа активност се предвидени 150.000, 00 МКД,  а се потрошени 32 000, 00 МКД, по основ на доставени барања.

**ТАБЕЛАРЕН ПРИЛОГ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА**

| 1 | **ПОСТИГНАТА ЦЕЛ:** Подобрени условите и квалитето на живеење на лицата кои с еопфатени во предвидените активности и лицата кои ги исполнуваат условите, |
|---|---|

| Реализирана задача /проект | Реализирани активности | Временски период на реализација | Постигнати резултати / родови индикатори | Реализиран Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|
| 1.Обезбедување на еднократна парична помош(градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни заработа, лица со попречености, стари лица по основ на доставено барање од странката. | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација од лицето кое ги исполнува условите. | Во текот на целата година | Подобрување на квалитетот на живеење на лицата кои ги исполнуваат условите. | 55 000,00 МКД |
| 2.Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост на лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост. | -Еднодневна екскурзија и ручек за штитениците<br>-Подарок согласно нивните потреби во Дневниот центар. | 3-ти Декември 2024 година | Подобрен квалитетот на живот на штитениците во Дневниот центар. | Ручек- Донација<br>Подарок -15 000,00 МКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица-ОО Црвен Крст Крива Паланка. | Реализирани основни и инструментални активности според Законот за Социјална заштита од страна на Давателот на социјални услуги ОО Црвен Крст-Крива Паланка | Во текот на годината | -Оспособување на старите лица за самостоен и подобар живот- околу 100 корисника.<br>-Вклучени на пазарот на трудот 40 негуватели, 1 координатор. | Средства од МТСП |
| 4.Аплицирање и импементација на проекти од МТСП, АВРМ, УНСП за Општинско корисна работа 2024/25 .Кофинансирање од страна на општината од 20%. | Вклучен еден Воспитувач во ОЈУДГ „Дetелинка“ за дополнителни активности за деца во предучилишно воспитание. Вклучени тројца медијатори во Дневен центар за активно стареење за стари лица над 65 годишна возраст. | 01.07.2024 година до 31.03.2025 година. | Вклучување на пазарот на трудот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот и подобрен квалитето на живеење. | Финансиски средства од УНДП 396 000,00 МКД.<br>-Финасиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка 99 000, 00 МКД. |
| 6.Обезбедување на еднократна парична помош на лица со попречености, тешка и длабока попреченост (пречки во телесниот и менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице). По основ на Барање од страна на лицето или родителот, старателот итн. | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација од лицето кое ги исполнува условите. | Во текот на целата година | Подобрување на квалитетот на живеење на лицата кои ги исполнуваат условите. | 202 000, 00 |
| 7. Извршување на јавни работи од страна на корисници кои остваруваат права на парична помош од социјална заштита и социјално загрозени | Вклучени на пазарот на трудот лица кои се со ниски квалификации и лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот. | Во текот на 2024 година | -Подобрување на условите за живот на лицата кои тешко се вклучуваат на пазарот на трудот | 1 212.239 МКД<br>68 320,00 МКД (20%кофинансира-ње за истата мерка преку АВРМ) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| лица. | | | | |
| 8. Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција и негователи за помош и нега на стари лица (Црвен Крст-Крива Паланка). | Обучени 15 негуватели за помош и нега на стари лица. | Јануари-Март 2024 година | Зголемување на бројот на персонални асистенти и негователи за помош и нега на стари лица и подобрен живот на лицата со попречености и старите лица. | 200 000,00 МКД |
| 9. Ваучер за купување гардероба за деца или лица кои се под старателство и деца или лица кои се сместени/згрижени во згрижувачки семејства, евидентирани во ЈУ МЦСР по основ на доставено барање од страна на семејството. | Доделени 24 ваучери за купување на гардероба во вредност предвидени по 8000, 00 МКД, а по понудата на фирмата износот на Ваучерот за машки лица изнесуваше 7 750,00 и 7 500, 00 МКД. | Декември 2024 година | -Подобрување на условите за живот на лицата корисници на услугите на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост и сместени во згрижувачки семејства. | За машки лица се потошени 97 500, 00 МКД, а за женски лица се потрошени 85 250, 00 МКД<br><br>Вкупно:<br>182 750, 00 МКД |
| 10.Дневен Центар за стари лица со активно стареење, во рамки на давателот на социјална услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка. | Вклучени 50 корисника во забавни и рекреативни секојдневни активности за активно и здраво стареење од страна на Давателот на социјалната услуга ОО Црвен Крст-Крива Паланка. | Во текот на 2024 година | -Активно и здраво стареење на 50 корисника.<br>-Вклучување на двајца координатори во испорака на социјалната услуга. | Сретства обезбедени преку Светска Банка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **ЦЕЛ:** Помош за новороденчиња како поттик за зголемување на наталитетот, помош и поддршка за деца од социјално загрозени семејства за летување и помош на деца ромчиња. | | | | |
| | **Реализирана задача /проект** | **Реализирани активности** | **Временски период на реализација** | **Постигнати резултати / родови индикатори** | **Реализиран Буџет мкд** |
| | 2. Инклузија на деца Роми кои се опфатени во | Вклучени деца Роми во ОЈУДГ „Детелинка“ | Учебна 2024/25 година | -Подобрување на квалитетот на животот на децата Роми. | Буџет од МТСП Блок дотации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ОЈУДГ„Детелинка преку ослободување на партиципација. | | | | |
| | 3. Еднократна парична помош на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка (5.000 МКД за секое новороденче) по основ на барање од страна на родителот | Доделени финансиски средства по 5 000, 00 МКД за сите новороденчиња на кои родителите доставиле барање со целосна документација.Вкупно 73 Барања. | Во текот на целата година | Подобрување на условите за живот | 365 000,00 МКД |
| | 5. Финансиска поддршка за летување на деца од социјално загрозени семејства во лоша финансиска состојба. | Финансиски средства и организација за летен одмор во Охрид, 6 ноќевања со полн пансион и културно, едукативна и забавна програма за 40 деца кои се јавиле на Јавен конкурс и кои ги исполниле условите. | Месец Август 2024 година | Подобрени условите за живот и подобра социјализација на децата. | 400 000, 00 МКД |
| **6** | Доделување на новогодишни пакетчиња за деца. | Доделени новогодишни пакетчиња на децата во предучилишното воспитание во ОЈУДГ „Детелинка“. | Декември 2024 година | Доделени пакетчиња на сите деца. | 120 000, 00 МКД |
| **3** | **ЦЕЛ:** | | | | |

| Реализирана задача /проект | Реализирани активности | Временски период на реализација | Постигнати резултати / родови индикатори | Реализиран Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|
| | Доделени финансиски средства по основ на доставено барање и целосна документација од лицето кое ги исполнува условите. | Во текот на годината | Подобрен квалитетот на живот | 32 000,00 МКД |
| | | | | |
| | | | | |
| **Вкупен буџет** | | | | **2 831,309 МКД** |

Датум/место
12.02.2025/Крива Паланка

Изработил: Соработник за здраствена,
социјална и детска заштита
Елена Христовска

Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка
Раководител: Даниела Велковска